Година 2003, април, број 16

***Ф А К У Л Т Е Т С К И***

***И Н Ф О Р М А Т О Р***

## ОТВОРЕН ДЕН ЗА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ

Во текот на овој и минатиот месец беа посетени 84 средни училишта во државава кои беа информирани за отворениот ден на МФС кој се одржа на ден 18 и 19 април. Во тие денови факултетот го посетија околу 300 матуранти. Институтите, лаболаториите, Сметачкиот центар и студентските прашања беа мета на интерес на идните студенти. Одзивот беше задоволителен и се надеваме на поголем број на кандидати за студирање на МФС.

На деновите 9 и 10 мај повторно ќе биде организиран отворен ден.



## ПРВ ДИПЛОМЕЦ НА НАСОКАТА ЖЕЛЕЗНИЧКО МАШИНСТВО

На ден 11.04.2003 дипломираше првиот дипломец на насоката Железничко машинство.

Кандидатот Златко Ончевски темата "Проектирање на сопирачка за товарен вагон за "S" режим со опис на распоредникот Est 3f/HBG300" ја одбрани успешно.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

1. Периодот за апликации на научни проекти во 6-тата Рамковна програма за програмите за западен Балкан приврштува. Подетални информации кај продеканот за наука, проф. д-р Миле Димитровски.

2. Во тек е периодот во кој може да се аплицира за проекти за искористување на атомската енергија во мирно временски цели за 2003 година. Финансиската подршка е во висина од околу 10 000 $ / годишно. Подетални информации на следната веб страна: http://www.iaea.or.at/programmes/ri/uc.html

3. Јапонската агенција за меѓународна соработка во рамките на Програмата за техничка помош, од оваа година ќе финансира апликативни проекти преку кои може да се добие опрема, експертски услуги и обука на кадар. Пријавувањето се врши во Министерството за образование и наука,

оделение за меѓународна техничка соработка во науката најдоцна до 15 мај 2003 година.

## КОНКУРС

На 11 април 2003 година Машинскиот Факултет  повторно распиша конкурс за избор на еден соработник - асистент во научната област што ја покрива Институтот за производно машинство.

## ШЕСТО МЕСТО ВО ЕВРОПА

Екипата на Машински факултет во состав: Трајче Кичевски, Неда Тозија, Небојша Богоевски и Новица Шотаревски, студенти од насоката индустриско инженерство го освои шестот место на финалниот натпревар TIMES 2003 кој се одржа во периодот од 06. 04 до 13.04 2003 во Франкфурт, Германија, под покровителство на ESTIEM.

Искрени честитки за  постигнатиот успех .

## ГОСТИН НА МФС

Во период од 04.04 до 12.04.2003 гостин на факултет беше г-дин Brian Fisher, профессор во пензија при Универзитетот во Лестер, Голема Британија. Посетата беше во рамки на научно истражувачкиот проект геометриска теорија на функциите и нејзина примена чии раководител е д-р Никола Тунески.

## ИНТЕРНЕТ УЧИЛНА

Новата интернет училна веќе месец дена успешно функционира. Работните места се пополнети, дисциплината на студентите е на завидно ниво а интересот е и повеќе од очекуван.



## ПРОМОЦИЈА

На 08.04.2003 година во Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Д-р Атанас Кочов беше промовиран во доцтор на технички науки.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## СПОРТ

Пролетниот дел од универзитетската лига во кошарка е во тек. МФС моментално солиднио котира на ранг листата.

Лигата во мал фудбал продолжува. Нашата студентска екипа моментално е на второ место, но се очекува атак на члното место на табелата.

## О Т С У С Т В А

1. Во периодот од 3 до 5 април 2003 година во Солун, Република Грција, **се** одржа 4-от Меѓународниот симпизиум на SEEK. На негоа зедоа учество: проф. д-р Илија Петровски, проф. д-р Александар Ношпал и асс. м-р Ристо Филкоски.

2. Проф. д-р Јован Лазарев, од 8 до 11 април престојуваше во Блед, Словенија, каде се одржа 4-тата Меѓународната конференција за технологија на пластичноста ИСИТ 2003. Таму го презентираше рефератот: J. Caloska, J. Lazarev, K. Kuzman: Analayse of the exit velocities profile in the extrusion process of aluminium complex profile.

3. Проф. д-р Атанаско Тунески, службено патување во Србија и Црна Гора, со цел посета на Институтот Михајло Пупин во Белград. Престојот е реализиран на 12 и 13 април 2003 година.

4. Асс. д-р Никола Тунески, службено патување во Србија и Црна Гора, со цел посета на Математичкиот Факултет во Белград. Престојот е реализиран на 12 и 13 април 2003 година.

5. Асс. м-р Петар Симоновски и асс. м-р Благој Данчев, службено патување во Србија и Црна Гора, со цел посета на Машинскиот Факултет во Белград и Нови Сад. Престојот е реализиран на 14 и 15 април 2003 година.

6. Проф. д-р Илија Петровски , службено патување во Србија и Црна Гора, со цел посета на Машинскиот Факултет во Белград. Престојот е реализиран на 18 и 19 април 2003 година.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**10.05.2003**
**РАБОТНА САБОТА ПО РАСПОРЕД ЗА ДЕН СРЕДА, 30.04.2003**

**29.05.2003**
**30 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***


## Техничко уредување:

*Тони Манџуковски*

*Борис Рошков*